Трговско друштво за производство
трговија и услуги
МАКОТЕХНА ДООЕЛ увоз-извоз
Бр. 27/2023
20.3.23 год
Битола

Јавна здравствена установа
Institucioni shëndetit Publik
УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА
ЗА НЕВРОЛОГИЈА
KLINIKA UNIVERSITARE
E NEUROLOGJISË
Бр.-Nr. 0307-391/1
20.03 /20 23
Skopje/Shkup

# ДОГОВОР
## ЗА ЈАВНА НАБАВКА НА СТОКИ

**Оглас: 03365/2023**

I. ДОГОВОРНИ СТРАНИ

**А. ЈЗУУ Клиника за неврологија-Скопје**, ул.Водњанска број 17, 1000 Скопје, застапувана од Мед.Директор: Доц.Др.Иван Барбов и Орг.Директор Др.Аљадин Хавзиу
(во натамошниот текст „Договорен орган") од една страна и

**Б. МАКОТЕХНА ДООЕЛ Битола** , Адреса: Ул.Воден број 12 -7000 Битола
застапувана од Управител: Кристијан Николовски , **ЕМБС: 5308151**
(во понатамошниот текст „Носител на набавката - добавувач) од друга страна.

**II. ДЕФИНИЦИИ (ОБЈАСНУВАЊЕ НА ПОИМИТЕ)**

**Член 1**

За целите на овој Договор, одделни поими и изрази употребени во овој Договор го имаат следново значење:

1) **„Договорен орган„** - е субјект дефиниран во член 4 став 1 точки а), б), в), г) и д) од Законот за јавни набавки;

2) **„Носител на набавката„** - е понудувач или група на понудувачи кои склучиле договор за јавна набавка;

3) **„Договор за јавна набавка на стоки„** - претставува набавка на една или повеќе стоки, преку купување веднаш, купување со одложено плаќање или изнајмување со или без опција за купување на стоката;

4) **„Договорна цена„** - е цената која ја побарува Носителот на набавката како што е утврдено во овој Договор, вклучувајќи го и евентуалниот попуст што го дал;

5) **„Испорака„** - значи предавање на стоките од страна на Носителот на набавката на Договорниот орган во времето и на местото предвидено со овој Договорот, на начин на кој Договорниот орган се стекнува со право на сопственост на стоките;

**III. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 2**

**Предмет на овој Договор е набавка на стоки за: Помошни средства за чистење.**

По делови, според техничка спецификација дадена во тендерска документација и прифатената понуда на добавувачот која е составен дел на овој договор.

**IV. ЈАЗИК НА ДОГОВОРОТ**

**Член 3**

Јазик на Договорот и на другите документи кои претставуваат составен дел на Договорот, е македонскиот јазик.

Јазик на целата комуникација во писмена форма помеѓу договорните страни е на македонски јазик.

**V. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 4**

Вкупната цена без ДДВ: 132.000,00 денари,

Вкупно ДДВ: 23.760,00 денари,

**Вкупната цена со ДДВ: 155.760,00 денари.**

Единечната цена на стоките е дадена во прифатената понуда на добавувачот.

## VI. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 5**

Договорот се склучува на определено време за период од 1 (една) година од денот на склучувањето. Договорот ќе се смета за склучен со потпишување од двете договорени страни.

## VII. ДИНАМИКА И НАЧИН НА ИСПОРАКА НА СТОКАТА

**Член 6**

Носителот на набавката е должен да го испорача предметот на договорот во рок од: **5 дена** по барање на клиниката од денот на доставеното барање од ЈЗУУ Клиника за Неврологија-Скопје по месечни требувања од клиниката , на ул. Водњанска број 17, Скопје.

Испораката на стоките се смета за извршена по потпишувањето на испратницата од овластеното лице на Договорниот орган и овластеното лице на Носителот на набавката.

Договорниот орган нема обврска за целосно исцрпување на договорената количина која е предмет на овој договор.

**Лице задолжено за реализација на договорот:Домаќин Економ: Асип Ковачи 070 565 080**

## VIII. ИЗГОТВУВАЊЕ И ДОСТАВУВАЊЕ НА ФАКТУРАТА

**Член 7**

При изготвувањето на фактурата, Носителот на набавката е должен да ги наведе следните елементи:

назив на Договорниот орган, место, седиште, даночен број;

- број и датум на Договорот;
- количини со опис на стоката, дефинирани по елементи како во член 2 од договорот;
- единечни договорни цени на секој од елементите;
- вкупни цени по елементи;
- вкупна цена на фактурата;
- пресметка за ДДВ;
- валута на плаќање.

## IX. НАЧИН, УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАЌАЊЕ, ЗАТЕЗНА КАМАТА ЗА ЗАДОЦНЕТО ПЛАЌАЊЕ

**Член 8**

Договорниот орган се обврзува плаќањето на Носителот на набавката да го врши вирмански по примена фактура.

Договорниот орган се обврзува плаќањето на Носителот на набавката да го изврши во рок од: **60 дена** од денот на приемот на фактурата во архивата на Договорниот орган, на сметка и банка за која писмено ке го извести Носителот на набавката.

Прилог на фактурата е уредно заверена испратница.

Во случај Договорниот орган да не ја ̓плати фактурата во договорениот, рок се засметува законска затезна камата во висина определена согласно позитивните законски прописи.

## X. ГАРАНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТНО ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ (само ако се бара во ТД)

**Член 9**

Договорниот орган ќе бара од понудувачот чија понуда е избрана за најповолна да обезбеди гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот во вид на банкарска гаранција во вредност од Х______________________од вредноста на договорот за јавна набавка со вклучен ДДВ.

## XI. КВАНТИТАТИВНА И КВАЛИТАТИВНА КОНТРОЛА

**Член 10**

Квантитативен и квалитативен прием на стоката од член 2 од овој Договор врши Договорниот орган, со документ (испратница) потпишана од двете договорни страни.

Во текот на примопредавањето се утврдува квантитетот на испорачаната стока.

**Член 11**

Договорниот орган може да изврши дополнителна контрола и гаранција на квалитетот со спроведување на дополнителни независни испитувања и контроли за квалитет кај овластена институција.

## XII. ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

**Член 12**

Носителот на набавката е должен да ја испорача стоката/услугата на Договорниот орган во времето и на местото предвидено со овој договор.

Носителот на набавката ја извршил обврската од став 1 на овој член, по правило, кога стоката ќе му ја врачи на Договорниот орган или ќе му предаде исправа со која стоката може да ја преземе.

**Член 13**

Носителот на набавката е должен да ја испорача стоката/услугата на Договорниот орган во исправна состојба.

## XIII. ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

**Член 14**

Договорниот орган е должен да ја плати договорената цена на Носителот на набавката, по секоја сукцесивна испорака на стоката/услугата, од денот на доставувањето на фактура од страна на Носителот на набавката.

**Член 15**

Договорниот орган е должен да ги изврши сите потребни дејствија за да биде возможно предавањето на стоката.

## XIV. ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН

**Член 16**

Врз сите евентуални спорови кои би произлегле од овој Договор, ќе се применуваат важечките прописи на Република Северна Македонија.

## XV. ВИША СИЛА

**Член 17**

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на овој Договор до кое би дошло заради Виша сила. Ако една од договорните страни е спречена заради Виша сила должна е во рок од 24 часа писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за Вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

По отстранување на Вишата сила Договорот може да се реализира по потреба со заеднички прифатено дополнување или да се раскине договорно.

## XVI. ОБЕШТЕТУВАЊЕ

**Член 18**

Договорните страни се должни да ги исполнат обврските кои произлегуваат од овој Договор.

Кога една од договорните страни не ќе ја исполни обврската или ќе задоцни со нејзиното исполнување, другата договорна страна има право да бара и надомест на штетата што ја претрпела поради тоа.

За штетата поради задоцнување со исполнувањето одговара договорната страна на која другата договорна страна и дала примерен дополнителен рок за исполнување.

## XVII. РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

**Член 19**

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање. Доколку тоа не даде резултат во рок од 10 (десет) дена, спорот ќе се решава пред надлежниот суд во Скопје.

## XVIII. УСЛОВИ ЗА ПРЕКИНУВАЊЕ ИЛИ РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 20**

Кога една од договорните страна не ќе ја исполни својата обврска, другата договорна страна, може да бара исполнувањето на обврските или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штетата.

**Член 21**

Кога една од договорните страна не ќе ја исполни својата обврска во определениот рок, другата договорна страна, ќе и остави примерен дополнителен рок од 10 дена за исполнување на обврската.

Ако договорните страна која не ја исполнила својата обврска во определениот рок, не ја исполни обврската ни во дополнителниот рок, другата договорна страна, може да го раскине договорот.

## XIX. ЗАВРШНИ И ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 22**

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на Договорот за изменување и дополнување на основниот Договор.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни во согласност со одредбите на Законот за јавните набавки и тендерската документација.

**Член 23**

Ниту една договорна страна нема право своите обврски да ги пренесе на трета страна, без взаемна писмена согласност.

**Член 24**

Овој Договор е составен во 4 (четири) еднакви примероци, од кои 2 (два) за договорниот орган и 2 (два) за носителот на набавката.

**За Носител на набавката:**

**МАКОТЕХНА ДООЕЛ Битола**

Управител: Кристијан Николовски

________________________

**За Договорен орган:**

**ЈЗУУ Клиника за Неврологија Скопје**

Мед.Директор: Доц.Др.Иван Барбов

________________________

Org.Direktor: Dr.Alajdin Havziu

________________________

Составен дел на овој Договор е:

- Техничка спецификација

**Техничка спецификација**

**Оглас: 03365/2023**

**Предмет: Помошни средства за чистење**

| ДЕЛ 1 | ПОМОШНИ СРЕДСТВА | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Ред. бр. | ОПИС | количина | единечна цена без ддв | вкупен износ без ддв | вкупно ддв 18% | вкупно со ддв 18% |
| 1 | Крпи за бришење со моќ на впивање на течност со димензии 200x190x4 мм 20% | 170 | 13,60 | 2.312,72 | 416,29 | 2.729,01 |
| 2 | Крпи за чистење маси и други површини (микрофибер), со димензии 330x330mm 20% | 170 | 15,55 | 2.643,11 | 475,76 | 3.118,87 |
| 3 | Сунѓери со абразивна подлога за миење на садови,димензии мин.9*5см. | 160 | 3,89 | 621,91 | 111,94 | 733,85 |
| 4 | Ракавици,гумени,хигиеничарски,големина M,L,XL. | 90 | 13,60 | 1.224,38 | 220,39 | 1.444,77 |
| 5 | Тоалетна хартија,трослојна бигувана и перфорирана,100% целулоза. | 900 | 5,83 | 5.247,35 | 944,52 | 6.191,87 |
| 6 | Тоалетна хартија,двослојна бигувана и перфорирана,100% целулоза. | 5800 | 4,66 | 27.053,01 | 4.869,54 | 31.922,55 |
| 7 | Брисачи за раце, мин. двослојна бигувана и перфорирана,состав 100% целулоза,ширина од 20-30 см. | 3500 | 13,60 | 47.614,85 | 8.570,67 | 56.185,52 |
| 8 | ПВЦ чаши за една употреба од 200 до 250 мл. Пакување од 50 до 100 парчиња | 1600 | 1,17 | 1.865,72 | 335,83 | 2.201,56 |
| 9 | Вакуум гума за одзатнување на одводи со дијамерар мин.10 см. | 5 | 19,43 | 97,17 | 17,49 | 114,66 |
| 10 | Вреќи за отпад,ПВЦ,големи од 90 до 120 литри, од мин.10 во пакување. | 7500 | 3,11 | 23.321,56 | 4.197,88 | 27.519,44 |
| 11 | Вреќи за отпад,ПВЦ,мали од 55 до 60 литри, од мин.10 во пакување. | 5000 | 1,55 | 7.773,85 | 1.399,29 | 9.173,15 |
| 12 | Четка за собирање на пајажина со димензии на рачка од 80 см до 120 см. | 15 | 46,64 | 699,65 | 125,94 | 825,58 |
| 13 | ПВЦ четка за чистење на ВЦ шоља. | 15 | 23,32 | 349,82 | 62,97 | 412,79 |
| 14 | Џогер (ПВЦ дршка со висина мин. 140 см.Стандарден сунѓер мин. 28/9 см.). | 15 | 42,76 | 641,34 | 115,44 | 756,78 |
| 15 | Стандарден сунѓер за џогер за чистење на подови(резерва)мин. 28/9 см.). | 160 | 38,87 | 6.219,08 | 1.119,43 | 7.338,52 |
| 16 | Корпи за веш од мин. 50 л.-пластични. | 5 | 77,74 | 388,69 | 69,96 | 458,66 |
| 17 | Канти за ѓубре со капак од мин.50л.,пластични и со педал. | 10 | 194,35 | 1.943,46 | 349,82 | 2.293,29 |
| 18 | Лопатче за отпад,Пвц -ширина мин.20см.,висина мин.30см. | 15 | 15,55 | 233,22 | 41,98 | 275,19 |
| 19 | Пвц кофа од тврда пластика со рачка,запремнина 15 литри. | 15 | 58,30 | 874,56 | 157,42 | 1.031,98 |
| 20 | Пвц кофа за цедење на џогер,мин 10 литри. | 15 | 58,30 | 874,56 | 157,42 | 1.031,98 |
| | | | | **132.000,00** | **23.760,00** | **155.760,00** |

**За Носител на набавката:**

**МАКОТЕХНА ДООЕЛ Битола**

Управител: Кристијан Николовски

______________________

**За Договорен орган:**

**ЈЗУУ Клиника за Неврологија Скопје**

Мед.Директор: Доц.Др. Иван Барбов

______________________

Org.Direktor: Dr.Alajdin Havziu

______________________